

***Пишува: Светислав ВАСЕВ***

Во саботата вечерта Македонија по кој знае кој пат покажа дека има потенцијал да ниже успеси насекаде низ светот, на секое поле. Тамара не израдува сите, но политиката не подели!

Следејќи ги социјалните мрежи се забележуваа три тренда, првиот е дека мноштвото граѓани беа среќни, вториот дека одредени луѓе блиски до СДСМ индивидуалниот успех на Тамара и нејзиниот тим, сакаа да и го препишаат на северна, па не пропуштаа прилика во статус да го пишаат новото име на државата, и третиот кој го водеше една мала група на луѓе кои се гласни на социјалните мрежи, а се обиде да ја залепи радоста на граѓаните дека не е радост за Македонија, туку за северна, теза која го злоупотреби патриотското чувство на стотина други граѓани.

Но да почнеме од почеток. Каде е проблемот? Проблемот е што една мала група на луѓе – хушкачи, сака да се инфилтрира и да контаминира граѓани кои не излегоа и апстинираа на референдумот, сакаат да оцрнат една чиста идеја со патриотска мисла, и да налепи на нив омраза. Омразата ја генерират со цел подоцна да се нападне ВМРО-ДПМНЕ и да се дискредитира секоја идеја против власта, нешто како приказната – Власта нечини, ама и опозицијата не ја бива…

Таа теза веќе ви е јасно кому му оди во прилог. Не треба многу мислење, веќе го знаете одговорот – на СДСМ. И така власта играјќи си со патриотското во народот се обидува да внесе омраза во опозициските редови.

Во саботата се виде како функционира таа хушкачка група, која по објавата на Мицкоски на фејсбук, како честитка за успехот на Тамара му се нафрли и ликуваше. Сосема непотребно, и за среќа многу провидно. Мицкоски го честита успехот ма Тамара, но тоа не значи дека го оправда Заев! Тоа секому му е јасно, само на хушкачите не.

Но да се вратиме на суштината. Реалност е дека променетото име е правен факт и како такво низ институциите мора да се почитува. Тоа не значи дека на ВМРО-ДПМНЕ му е мила истата ситуација. Напротив, ВМРО-ДПМНЕ направи се за да не дојде до тоа. Но сега кога реалноста е таа, единствено што може да направиме е да продолжиме да се бориме за државата, да се промени власта, да се насочиме кон економија и подобрување на стандардот на граѓаните и зголемување на нивото на среќа во општеството. Така интегрирани во НАТО и ЕУ ние како држава на силни граѓани, можеме да сметаме дека еден ден ќе ја смениме оваа горчина за нас.

А верувајте нема човек на кого не му е горко чувството. Но тоа не значи дека треба да мразиме се што се бори и остварува успех, само затоа што на истото пишува северна, тие немаат избор, утре и ракометарите ќе настапуваат под тоа име, и фудбалерите и сите репрезентативци. Плати, пензии и социјална помош се прима од државата под тоа име, а истата најверојатно ја примаат и хушкачите за кои пишувам погоре.

Тогаш ќе речете да се помириме. Јас ви велам не. Човекот не е поразен се додека се бори. А ние ќе се бориме. ВМРО-ДПМНЕ е мотивирано и екипирано, продолжуваме појако од кога било порано, ќе ја смениме оваа власт, ќе работиме за подобра економија и сигурна иднина за младите тука, ќе се интегрираме во НАТО и ЕУ и ќе се бориме да ја вратиме гордоста на македонецот. Ништо во животот не е дадено еднаш за секогаш. Како велеле старите, се тече, се се менува. Затоа да не очајуваме, без страв, татковината е ранета, но ние го имаме лекот да ја излечиме.

Да не седиме дома и да велиме колку ни е лошо, туку да станеме и да се избориме за промени. Здружени и со чиста мисла тоа го можеме. Само така ќе има подобра економија, правда за неправедно осудените, среќа за земјоделецот, чаре за болниот, квалитетно образование за младите. И на крај честито Тамара!